Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневни настани 01.05.2024

На 30.04.2024 во 16.10 часот во село Стојаково, општина Богданци, полициски службеници од ОВР Гевгелија го лишиле од слобода В.К.(30) од село Стојаково. При претрес на неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена марихуана. За настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Гевгелија и по документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (30.04.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 131 мерка, меѓу кои за возење без возачка дозвола 17 санкции, 9 мерки за користење мобилен телефон при возење, пет санкции за некористење сигурноселен појас, 14 за брзо возење, осум за минување на црвено светло...

На 30.04.2024 во 12.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Цветан Димов" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „форд", управувано од Ј.Р.(51) од Скопје и патничко возило „фолксваген", управувано од Б.Р.(67) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Б.Р., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 30.04.2024 во 21.10 часот во СВР Велес, Д.К.(56) од Велес пријавил дека на улица „Благој Ѓорев" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 30.04.2024 во 14.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Јустинијан Први" во Скопје товарно возило „форд" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.М.(32) од Скопје удрило во пешакот Љ.В.(73) од Скопје. Во несреќата Љ.В. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 30.04.2024 во 22.00 часот во СВР Велес, М.С.П.(29) од Велес пријавила дека во Младинскиот парк во Велес нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 30.04.2024 во 09.20 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на ул.„11 Октомври" во Прилеп патничко возило „југо" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Ј.М.(52) удрило во велосипед управуван од малолетничка, двајцата од Прилеп. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетничката, констатирани во Градската болница Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 30.04.2024 во 15.20 часот во ОВР Кавадарци, Г.С.(49) од Кавадарци пријавил дека во месноста Моклиште, кавадаречко, бил каснат од куче скитник.

На 30.04.2024 во 11.00 часот во Полициската станица Крива Паланка било пријавено дека на магистралниот пат Крива Паланка–Граничен премин Деве Баир, кај с.Конопница, патничко возило „пасат" со кривопаланечки регистарски ознаки, управувано од О.М.(57) удрило во пешакот Д.С.(63), двајцата од Крива Паланка. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во ЈЗУ Здравствен дом - Крива Паланка. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Крива Паланка.

Денеска (01.05.2024) во 01.15 часот на Граничниот премин Табановце бил лишен од слобода Г.Ј.Ј.М.(27) од Шведска, поради тоа што при извршена пасошка контрола било констатирано дека во неговата патна исправа недостасувале страници, а исто така во неа биле и вметнувани страници од друга патна исправа. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 30.04.2024 полициски службеници на СВР Скопје во содејство со Одделот за криминалистичка полиција – Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи, по претходно преземени оперативни мерки и активности, го лишија од слобода И.Ј.(37) од Скопје. Имено, при претрес во неговиот дом во Солиште, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, кокаин, амфетамин, семки од растение, три дигитални ваги со остатоци од дрога. И.Ј. е приведен и против него ќе биде изготвена кривична пријава по чл.215 од Кривичниот законик, а денеска (01.05.2024) тој е изведен пред судијата на претходна постапка, кој му определи мерка притвор во траење од 30 дена во КПУ Затвор Скопје.

На 30.04.2024 во 13.00 часот во СВР Охрид било пријавено дека на магистрален пат во близина на влезот за аеродромот „Св.Апостол Павле" се случила е сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „сеат" со битолски регистарски ознаки, управувано од М.С.(47) од Битола, патничко возило „киа", управувано од В.Н.(79) од с.Белчишта, Општина Дебрца и паркирано патничко возило „опел", двете со охридски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле В.Н. и неговата сопатничка В.Н.(79), констатирани во Општата болница Охрид и во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

На 30.04.2024 во 11.00 часот во СВР Тетово 36-годишен жител од тетовско село пријавил дека бил измамен од И.З. од Ресен за сума од 21.500 денари. Според пријавеното, тој преку социјална мрежа стапил во контакт со И.З., кој му се преставил како управител на правен субјект кој се занимава со посредување на документи за странство, со кого се договорил да му посредува за работна виза за работа во Р.Германија, поради што и ги уплатил парите. Откако видел дека работата не му била завршена, сфатил дека бил измамен. Се преземат мерки за расчистување на случајот.

На 30.04.2024 во 20.50 часот полициски службеници од СВР Куманово го привеле Г.Ш. (49) од Куманово,затоа што управувал возило под дејство на алкохол, а потоа агресивно се однесувал кон полициски службеници кои вршеле службеници дејства и се удирал самиот. По целосно документирање на случајот против Г.Ш. ќе следува соодветна пријава.

На 30.04.2024 во 17.40 часот полициски службеници од Полициско одделение Теарце го лишиле од слобода Б.И. (42) од тетовско Доброште, по пријава на С.З.(45) од истото село според која неговите две малолетни ќерки се пожалиле дека Б.И. ги следи и им дофрла недолични зборови. Тој е задржан во полициска станица каде, во врска со случајот, Б.И. пријавил дека бил физички нападнат од С.З.. Се работи на расчистување на случајот.

На 30.04.2024 во 17.40 часот во Полициската станица Свети Николе било пријавено дека на локалниот пат С.Ерцелија-с.Мустафино, патничко возило „опел" со светниколски регистарски ознаки, управувано од В.М.(18) од с.Мустафино, светниколско, удрило во паркирано возило „фолксваген" со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил В.М., констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Свети Николе.

На 30.04.2024 во 14.50 часот во Тетово, на ул.„Борис Кидрич", полициски службеници од СВР Тетово го привеле З.Џ.(53) од тетовско Селце, кој се однесувал агресивно спрема нив додека вршеле службени дејствија. Тој е задржан во полициска станица и против него ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (01.05.2024) во 06.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Центар, во куќарка на паркинг, додека бил на неговото работно место, бил пронајден починат Д.С.(63) од Скопје. Од страна на лекар од Итна медицинска помош констатирана била смрт без видливи траги на насилство. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено за обдукција.

На 30.04.2024 во 20.30 часот во СВР Скопје Б.В.(22) од с.Трубарево, скопско, пријавил дека околу 19.30 часот во с.Идризово, скопско, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од М.П.(39) од с.Стајковци, скопско. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.04.2024 во 23.00 часот во Полициската станица Гази Баба, З.М.(58) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечила неговата ќерка А.М.(22). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 30.04.2024 во 13.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Центар, С.К. од Скопје паднал во отворена шахта и се здобил со повреди, по што бил пренесен во здравствена установа за укажување на лекарска помош. Излезено било на местото на настанот од полициски службеници од СВР Скопје.

На 30.04.2024 во 21.15 часот во СВР Скопје Т.Ш.(18) од Скопје пријавил дека околу 16.30 часот на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.04.2024 во 11.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека кај Клиника за психијатрија при Комплексот клиники „Мајка Тереза", при изведување на градежни работи - вршење на ископ, била пронајдена коска, најверојатно човечка, на место каде порано имало гробишта. Излезено било на местото на настанот од полициски службеници од СВР Скопје и известен бил Јавен обвинител.

На 30.04.2024 во 12.06 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Карпош настанал пожар во возило „citroen" со скопски регистарски ознаки, сопственост на А.Р.(49) од Скопје, кое подолго време не било во возна состојба. Од пожарот било оштетено и друго возило „тојота јарис" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Д.М.(25) од Скопје. Повредени лица нема. Пожарот бил изгаснат од Бригадата за противпожарна заштита. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 30.04.2024 во 13.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Иниково, скопско по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Г.В.(37) од една страна и Г.А.(54) и Б.А.(29), од друга страна, сите од Скопје, во која бил употребен воздушен пиштол и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.04.2024 во 20.00 часот во СВР Скопје, 20-годишна жена пријавила дека на 27.04.2024 Г.М., со кого заедно работела, ја допирал по телото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.04.2024 во 11.10 часот во СВР Скопје, В.М.(43) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Гази Баба, хаубата на нејзиното паркирано возило „рено", со скопски регистарски ознаки, била оштетена од заталкан куршум. Излезено било на местото на настанот од полициски службеници од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.04.2024 во 12.35 часот полициски службеници од Полициската станица Ѓорче Петров го лишиле од слобода С.Ј.(75) од скопско, по претходна пријава од 33-годишна скопјанка според која тој, околу 11.50 часот во близина на паркот во населбата Ѓорче Петров, се самозадоволувал во своето возило. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.04.2024 во 18.30 часот во СВР Скопје Б.С.(26) од Скопје пријавил дека во пералната за возила каде што работел, во с.Волково, скопско, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.04.2024 во 19.40 часот во Полициската станица Карпош, Д.Т.(68) од Скопје пријавил дека од здравствена установа на подрачјето на Карпош се оддалечил неговиот син Ј.Т.(38), кој се лекувал во установата. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На30.04.2024во 14.40 часот во Полициската станица Кочани, М.С.(76) од Кочани пријавила дека на ул.„Теодосија Паунов" била каснат од куче скитник.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страниците на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет